# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 1 година XXXV

Март 2022 г.







**Активности за подобрување на практичните вештини за самостојно живеење на корисниците на дневниот центар на РЦПЛИП - ПОРАКА во Прилеп**



# Работилница „Практични активности за унапредување на вештините за самостојно живеење на корисниците на дневните центри и социјалните клубови на РЦПЛИП – ПОРАКА“

Како од дел од програмските активности насочени кон стручно-методолошка поддршка за унапредување на работата на своите сервисни служби за лица со интелектуална попреченост, РЦПЛИП – ПОРАКА на 25.02.2022 година организираше работилница со работен наслов „Практични активности за унапредување на вештините за самостојно живеење на корисниците на дневните центри и социјалните клубови на РЦПЛИП – ПОРАКА“. Истата се одржа во просториите на дневниот центар на РЦПЛИП - ПОРАКА во населба Аеродром, Скопје, а учествуваа вработените лица во дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА од Скопје, Радовиш, Прилеп и Штип, како и ангажираните лица од социјалните клубови на РЦПЛИП - ПОРАКА од Виница, Битола и Струмица.



Работилницата ја отвори Генералниот секретар на РЦПЛИП – ПОРАКА Д-р Василка Димоска Де Јонг, која во своето воведно излагање ја истакна потребата од преструктуирање на програмите за работа во сервисните служби на РЦПЛИП - ПОРАКА, пред се со поголем акцент околу развивањето и задржувањето на практичните вештини и вештините за самостоен живот на корисниците. Зајакнувањето на практичните вештини е особено важно за корисниците кои во изминатиот период останаа без своите родители, со цел да се овозможи нивно посамостојно функционирање во својот дом, со поддршка од поширокото семејство. Исто така, кај дел од корисниците на сервисните служби, како последица од пандемијата и останувањето дома, се воочува уназадување на практичните вештини.

Потоа следуваше презентација на искуствата од спроведувањето на модифицираната програма за практичните активности од страна на персоналот на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА во Скопје. Едукаторите конкретно ги објаснија сите предвидени подрачја од програмата поделени на дневно ниво – претпладневни активности, попладневни активности, вечерни активности и останати активности за самостојно живеење.

Понатаму беа формирани четири работни групи кои практично разработуваа одредено подрачје од програмата, а потоа секој од учесниците на работилницата презентираше предлог активности кои ќе бидат опфатени во преструктуираната програма и реализирани во сервисните служби.

Работилницата заврши со дискусија во која сите учесници се согласија дека новата структура на програмата за работа во сервисните служби на РЦПЛИП – ПОРАКА ќе понуди подобри можности за усвојување на практичните вештини кај корисниците на сервисните служби на РЦПЛИП – ПОРАКА.

***СОДРЖИНА***


2 страна - **Работилница за персоналот во сервисните служби на РЦПЛИП - ПОРАКА на тема „Практични активности за унапредување на вештините за самостојно живеење на корисниците на дневните центри и социјалните клубови на РЦПЛИП - ПОРАКА“**

3, 4 и 5 страна - **Средба со министерката Тренчевска во однос на приоритетите на РЦПЛИП - ПОРАКА во социјалната заштита**

6, 7 и 8 страна - **Извештај на РЦПЛИП - ПОРАКА за состојбите со интервенција во раното детство**

9 страна - **Уредба за ослободување од партиципација за студирање**

10 страна - **Кико со Даунов синдром растура на татамите!**

11 страна - **Активности на Народниот правобранител и тимот на Обединети нации**

13 страна - **Одбележување на Светски ден на лицата со Даунов синдром**

14 и 15 страна - **Активности на сервисните слуби во мрежата на РЦПЛИП - ПОРАКА**

16 страна - **Наша страница Донација од СН Осигурителен Брокер за социјалниот клуб на РЦПЛИП - ПОРАКА во Битола**



***“ПОРАКА”***
***Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА***

**Март 2022 г. Број 1, год. XXXV**
Гласилото излегува секои 3 месеци



***Уредувачки одбор:***
Д-р Василка Димоска Де Јонг
М-р Владо Крстовски
М-р Маја Гацоска



***Печати:***
Дата Понс, Скопје
Тираж 1.000 примероци



Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
“Орце Николов” бр. 122, 1000 Скопје;
тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60
e-mail: poraka@t.mk
web: www.poraka.org.mk



**Според Министерството за култура, со одлука 07-2613/2, за гласилото ПОРАКА се плаќа повластена даночна стапка од 5%.**



**Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.**

Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА во соработка со НСИОМ

# Градиме општество со еднакви можности за сите и инклузијата треба да почне токму од нас

***Средбата со Министерката Тренчевска претставуваше можност за уверување за соработка која ќе даде вистински и видливи резултати во иднина***

Претставници на РЦПЛИП – ПОРАКА и претставници од останатите организации членки на Националниот совет на инвалидски организации на Македонија на 16-ти февруари се состанаа со Министерката за труд и социјална политика, Јована Тренчевска.

На средбата се разговараше за потребите и предизвиците со кои се соочуваат лицата со попреченост како и можностите за унапредување на нивните права. Министерката Тренчевска истакна дека грижата за лицата со попреченост е приоритет на Владата и Министерството за труд и социјална политика.

„Заедно ќе креираме политики како и досега, кои ќе придонесат за унапредување на правата на лицата со попреченост. Со директно учество во јавни дебати, консултации и утврдените практики, да ги изнајдеме најдобрите решенија, кои ќе имаат за цел испорака на резултати, од кои придобивка ќе имаат лицата со попреченост. Уште поинтензивно ќе работиме на инклузијата на лицата со попреченост во општеството, во образовниот процес и на пазарот на труд. Предрасудите и стереотипите мора да се надминат. Градиме општество со еднакви можности за сите и инклузијата треба да почне токму од нас,“ рече Тренчевска.

Министерката информираше дека се работи и на проширување на достапните социјални услуги во заедницата за лицата со попреченост, каде што како даватели на услуги може да аплицираат и сојузите. Како и дека продолжува



процесот на деинституционализација и отворањето на мали групни домови, во кои лицата со попреченост живеат со поддршка на стручни лица и се еднакви граѓани во заедницата.

Соговорниците изразија задоволство од денешната прва средба и уверување за плодна соработка која ќе даде вистински и видливи резултати во иднина.

Претставниците на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА на оваа средба имаа можност уште еднаш да ги презентираат приоритетите за лицата со интелектуална попреченост во областа на социјалната политика.

# Приоритети на РЦПЛИП - ПОРАКА во областа на социјална политика: социјални парични надоместоци, социјални услуги и вработување на лица со интелектуална попреченост

## 1. Социјална заштита и адекватен животен стандард преку парични надоместоци за лица со интелектуална попреченост

Извештајот „10 години потоа“ на РЦПЛИП – ПОРАКА покажува дека иако е направено одредено унапредување на правата од социјална заштита за лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства во последнава деценија, сепак постои потреба од дополнителен развој на системот на социјална заштита и негово дизајнирање така што ќе обезбеди адекватен животен стандард, согласно член 28 од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.

Во таа насока се и ставовите на лица со интелектуална попреченост и нивните родители дека е потребно да се направи внимателна проценка како и колку надоместоците делуваат врз животот на лицата со интелектуална попреченост, односно какво е нивното влијание за намалување на сиромаштијата во која живеат голем број на семејства кои имаат член со интелектуална попреченост.

**Препораки:**

- **Лицата со умерена интелектуална попреченост, кои претходно беа можни корисници на надоместокот за мобилност под услов да користат количка, не се предвидени како корисници на надоместок заради попреченост.**
  **Предлагаме лицата со умерена интелектуална попреченост да се опфатат како корисници на надоместокот за попреченост, барем во помал обем, колку што е надоместокот за потполно глуво лице. Ова е од причина што лицата со умерена интелектуална попреченост ретко се стекнуваат со образование, ретко**

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

**се вработуваат и ретко имаат можност за учество во општествениот живот, а надоместокот би се користел за поттикнување на нивно социјално вклучување.**

- **Проценување на ефикасноста на надоместоците од социјална заштита и нивно зголемување, согласно реалните трошоци за живот и трошоците кои произлегуваат од попреченоста на лицето.**
- **Олеснување на административните процедури за остварување на правата од детска и социјална заштита, особено за надоместокот за помош и нега од друго лице и надоместокот за попреченост. Во таа насока, потребно е зголемување на бројот на термини на комисиите кои го утврдуваат правото на овие надоместоци, со цел навремено остварување на достапните права за сите лица со интелектуална попреченост кои имаат потреба од парична социјална заштита.**

### 2. Деинституционализација и развој на социјални услуги за поддршка на лица со интелектуална попреченост

Националната стратегија за деинституционализација „Тимјаник“ 2018 - 2027 го поставува развојот на социјалните услуги за лицата со попреченост како приоритет во социјалната реформа. Законот за социјална заштита од 2019 година, заедно со придружните правилници за различни видови социјални услуги, обезбедува законска можност за воведување на услуги во домот: помош и нега во домот и лична асистенција, како и услуги во заедницата: услуги на дневен престој, привремен престој, одмена на семејна грижа и куќа на пола пат, а во рамките на услугите за вон-семејна заштита најзначајна новина е признавањето на роднинското згрижување како услуга. Исто така, дадена е можност за иновативни и интервентни услуги.

Но, и покрај овој позитивен развој на законската рамка, анализата на РЦПЛИП – ПОРАКА покажува дека се потребни дополнителни иницијативи, пред сè поради нерамномерната регионална дистрибуција на социјалните служби за поддршка. Покрај очигледниот недостиг на сервисни служби за поддршка во заедницата, дополнителен аспект кој треба да се земе во предвид е фактот што постоечките сервисни служби не секогаш го следат пристапот на човекови права, односно квалитетот на услугите е дискутабилен. Вистинските персонализирани сервисни служби, какви што треба да се личната асистенција или помош и нега во домот, сè уште се недоволни и недостапни насекаде низ државата.

Поради тоа, државата треба да обезбеди соодветни човечки, финансиски и технички ресурси за целосна имплементација на деинституционализацијата, особено за имплементација на транзицијата кон услови за независно живеење, да додели доволно ресурси и да осигура дека социјалните услуги во заедницата се достапни, пристапни, приспособени и квалитетни. Свесни сме дека ова е тежок и долгогодишен процес, но уште повеќе сме свесни дека е потребна цврста заложба од државата за да се надминат можните ризици. Уште повеќе, во услови на пандемија потребно е да се обезбеди сите услуги да бидат достапни во прилагоден формат, со адаптирани програми за корисниците кои имаат потреба од нив.

**Препораки:**

- **Потребно е да се осигура континуитет и стабилност на процесот на деинституционализација и ефективна трансформација на големите резиденцијални институции преку имплементација на изработените планови за трансформација.**
- **Обезбедување одржливост на постојните сервисни служби за поддршка и да се продолжи со креирање на нови сервиси за поддршка, врз основа на реална процена на потребите на лицата со попреченост и нивните семејства.**
- **Воспоставување нови видови на сервисни служби со цел да се покријат празнините во понудата на сервиси на локално и/или регионално ниво: помош и нега во домот, одмена на семејна грижа, кризни центри, поддршка за лица кои имаат интензивна потреба за тоа. Личната асистенција како услуга да биде достапна и за лица со интелектуална попреченост.**
- **Подобрување на квалитетот и надоградување на функцијата на постојните сервисни служби за поддршка (дневни центри, згрижување, мали групни домови и лична асистенција за лицата со попреченост).**
- **Потребно е да се развијат дополнителни методологии насочени кон лицето и да се обезбеди обука за персоналот во социјалните сервисни служби.**
- **Надополнување на регулаторните механизми со стандарди за квалитет, вклучително и процедури за мониторинг и евалуација.**





## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

- **Воспоставување партнерство помеѓу обезбедувачите на сервисни служби од граѓанскиот сектор и државата – еднаков третман на сите обезбедувачи на сервисни служби.**
- **Обезбедување на неформалното згрижување со цел да се превенира институционализација и понатамошно намалување на стапката на институционализација.**
- **Зајакнување на децентрализацијата и улогата на единиците на локална самоуправа во реформата на системот за социјална заштита и обезбедувањето сервисни служби во местото на живеење преку одржливо финансирање.**

### 3. Вработување

Извештајот „10 години потоа" на РЦПЛИП – ПОРАКА укажува дека состојбите во областа на вработување останаа непроменети во изминатата деценија, односно доминантен е моделот на вработување во заштитни друштва, и покрај заложбите и барањата на организациите на лица со попреченост кои застапуваат воведување на моделот на поддржано вработување.

Министерството за труд и социјална политика во текот на 2021 година започна иницијатива за креирање на нов Закон за вработување на лица со попреченост, кој се развива врз современи меѓународни практики и со партиципативен процес кој ги вклучува чинителите. Се добива впечаток дека новата законска рамка ќе донесе подобри решенија бидејќи препораките на репрезентативните организации на лица со попреченост се земени во предвид и вметнати во новиот текст на законот, вклучувајќи ги заложбите на РЦПЛИП – ПОРАКА. Основни приоритети за лицата со интелектуална попреченост се воведување на квотен систем и професионална рехабилитација, подобрени можности за вработување на отворен пазар на труд и воведување на моделот на поддржано вработување.

**Препораки:**

- **Доследно воведување на моделот на поддржано вработување на лицата со интелектуална попреченост во новата законска рамка и постепено напуштање на моделот на заштитно вработување.**
- **Воведување на квотен систем на вработување за лица со интелектуална попреченост во јавната администрација и на отворениот пазар на труд, што ќе овозможи вклучување во редовните текови на општествениот живот.**



- **Преземање мерки за намалување на злоупотребите на лицата со интелектуална попреченост на работното место. Анализите на РЦПЛИП – ПОРАКА посочуваат дека вработените лица со интелектуална попреченост често пати се жртви на дискриминација, вознемирување, предрасуди и навредувачки однос на работното место.**
- **Преземање мерки за откривање и санкционирање на фиктивно вработување. Постојат случаи кога на иницијатива на работодавачот лицата со интелектуална попреченост склучуваат договори за вработување, но не започнуваат со работа, а за тоа добиваат мала сума пари. Од друга страна, работодавачот ги користи бенефициите согласно Законот за вработување на инвалидни лица, што претставува класичен пример на злоупотреба.**
- **Зајакнување на механизмот за следење и контрола на односот на работодавецот кон вработените лица со интелектуална попреченост, како исклучително важно за ефективно остварување на правото на вработување.**





Извештај на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Состојбите со интервенција во раното детство во Република Северна Македонија

## Опис на законските и подзаконските рамки во однос на интервенцијата во раното детство за децата со потешкотии во развојот и сервисните служби за рана интервенција

Република Северна Македонија значајно ја унапредува реализацијата на детските права во областите на здравството, образованието и социјалната заштита во изминатите 25 години. Ги ратификуваше Конвенциите на ОН за правата на детето и за правата на лицата со попреченост, па поради тоа, е обврзана да ги почитува сите дадени права во нив. Сепак, постојат многу предизвици во неколку сектори вклучително и во секторот за пружање сервисни служби за деца и лица со попреченост. Една од реформите кај која има најмногу предизвици е унапредување на фрагментираниот систем на интервенцијата во раното детство.

Во изминатите неколку години, законската рамка што ги регулира правата на децата со попреченост се менуваше преку:

- најновиот Закон за социјална заштита, кој обезбедува подобри можности за создавање и пружање различни видови на сервисни служби, вклучувајќи и сервисни служби за интервенција во рано детство за деца со попреченост, преку различни обезбедувачи на сервисни служби.
- новиот Закон за основно образование кој ги овозможува сите потребни законски предуслови за ефективно инклузивно образование, вклучително и потребната образована асистенција за децата со попреченост.

Сепак, многу е важно да се забележи дека не постои посебна и специфична референца за сервисни служби за интервенција во раното детство во националното законодавство, со што овој сектор останува недоволно регулиран.

Главното законодавство што ги регулира правата на децата (вклучувајќи ги и децата со попреченост) е Законот за заштита на децата. Покрај финансиската поддршка за децата и/или семејствата кои се во неповолна ситуација, овој закон го регулира предучилишното образование (мрежата на детски градинки) и креирањето на таканаречените центри за ран детски развој, што всушност се детски градинки во рурални области. Пристапот на децата со попреченост во овие постепено се подобруваше во последнава деценија. Но, во рамки на законот не се предвидени специфични сервисни служби за интервенција во раното детство за деца со попреченост.

Друго важно прашање е што потребните сервисни служби за деца/лица со попреченост и нивните семејства се стандардно лоцирани во секторот за социјална заштита, но сервисните служби за интервенција во раното детство за деца од 0 до 6 годишна возраст се достапни и во секторот за здравствена заштита (идентификација, процена, основна поддршка во здравствените домови).

Унапредувањето на фрагментираниот систем за интервенција во раното детство неодамна стана приоритетна област за државните власти. Поддржани од УНИЦЕФ, се реализираа многу значајни иницијативи (во здравствениот сектор): обука на здравствени работници, матични доктори и патронажни сестри, се направи реформа во процесот на „категоризација“ согласно МКФ на СЗО, се воспоставија неколку сервисни служби за поддршка на деца со попреченост и нивните семејства.

За жал, овие иницијативи не се доволни за да се покрие јазот во пружањето сервисни служби поврзани со раната идентификација, и проследени со обезбедувањето сервисни служби за интервенција во раното детство, како и советување за родители при детектирање и прифаќање на попреченоста на своето дете. Повеќето од постојните државни сервисни служби не ги следат актуелните потреби ниту се скроено согласно потребите за да можат да одговорат на вистинските потреби согласно развојната фаза на детето, неговите способности, итн.

Понатаму, нема воспоставено стандарди за квалитет ниту пак некој друг механизам за контрола на квалитетот при пружањето сервисни служби за интервенција во раното детство. Ваквата ситуација резултира со креирање и пружање на услуги од приватни лица (обезбедувачи на услуги). Тие најчесто работат во приватни простории или одат во домовите на децата за да ја обезбедат услугата





која му е потребна на детето, за одреден надоместок што родителите мора да го платат.

Друг предизвик е дека повеќето сервисни служби што се обезбедуваат за лица со попреченост, вклучувајќи ги и децата со попреченост, се овозможени во поголемите општини и градови. Оттука, оние кои живеат во руралните области имаат потешкотии во пристапот до каков било вид на социјална сервисна служба, вклучително и интервенција во раното детство.

Како што е споменато погоре, Законот за социјална заштита нуди можности за обезбедување и пружање различни видови на социјални сервисни служби, вклучително и интервенција во раното детство. Недостигот од подзаконски акти и регулативи проследено со недостиг од финансиски средства за да се овозможат предвидените сервисни служби го попречува целиот процес на обезбедување на тие сервисни служби.

Понатаму, системот бара крос-секторска соработка и врски помеѓу различните видови на сервисни служби. Ова е од суштинска важност особено помеѓу здравствената и социјалната заштита и образованието бидејќи тие се неопходни за скрининг, упатување и нудење на соодветни сервисни служби.

## Опис на сервисните служби за интервенција во раното детство

Во Република Северна Македонија, сервисните служби за интервенција во раното детство се обезбедуваат од различни обезбедувачи во различни сектори.

Во неколку општини, во рамките на центрите за јавно здравје, постојат центри за следење на деца родени со ризик фактор (во рамки на Министерството за здравство), кои исто така овозможуваат советодавни услуги за семејствата. Воедно, патронажните сестри (обучени од страна на УНИЦЕФ за рана детекција и интервенција) се дел од сервисните служби за интервенција во раното детство во нашата земја. Во рамките на Универзитетската клиника за детски болести и Универзитетската клиника за психијатрија, постојат оддели/тимови од специјалисти кои овозможуваат рана идентификација, третман и следење на деца со попреченост, како и поддршка и советување за нивните семејства.

Министерството за труд и социјална политика раководи со мрежа од дневни центри за деца со интелектуална попреченост, кои треба да обезбедуваат одредени облици на рана интервенција за деца со развојни попречености.

Општините, под водство на Министерството за труд и социјална политика, раководат со детски градинки и центри за ран детски развој, во кои се запишуваат и деца со попреченост, Инклузијата на децата со попреченост во овие јавни сервисни служби е подобрена, но сѐ уште целиот процес се соочува со многу предизвици.

Неколку невладини организации, што воедно се и обезбедувачи на сервисни служби, нудат различни сервиси за интервенција во раното детство, како во домот на семејствата, така и во нивните сервиси. Исто така, професионалци од различни профили (специјални едукатори и рехабилитатори, логопеди) нудат услуги во домот на семејствата, а наменети за деца со попреченост. Сепак, неопходен е структуриран развој на сервисните служби за интервенција во раното детство во земјава.

За жал, не постојат сеопфатни и веродостојни податоци за бројот на деца и семејства кои користат сервисни служби за интервенција во раното детство, како и за структурата, содржината и трошоците на овие сервисни служби. Поради тоа, УНИЦЕФ во моментов работи на длабинско истражување кое ќе овозможи детална ситуациона анализа за сервисните служби за интервенција во раното детство (започната е во септември 2021 година).

Од суштинско значење е да се истакне дека, со поддршка на УНИЦЕФ, во 2019 година, Владата започна со пилотирање на новиот модел за процена заснован на Меѓународната класификација за функционирање, попреченост и здравје на Светската здравствена организација (СЗО), што треба да го замени застарениот систем заснован на попреченостите на лицето. Новиот модел нагласува дека професионалците кои се вклучени во функционалната процена треба истовремено да овозможуваат и советување и поддршка на семејствата.

## Финансирање на сервисните служби

Националните и локалните власти сѐ уште се доминантните обезбедувачи на јавни сервисни служби, вклучително и на сервисните служби за интервенција во раното детство. Сервисните служби што се обезбедени во рамките на секторот за здравствена заштита се финансирани од државниот буџет. Сервисните служби што се обезбедени од секторот за социјална заштита (детски градинки, центри за ран детски развој, државни дневни центри за деца со попреченост) се финансирани од државниот буџет. Истото се однесува и за услугите за „образовна асистенција“ што се на располагање за децата со попреченост кои се запишани во инклузивно образование. Сепак, не постојат податоци за вистинските трошоци за овие услуги. Семејствата плаќаат за сервисни служби за интервенција во раното детство што се обезбедуваат од приватни ентитети или индивидуални професионалци, започнувајќи од 600 денари за час.

Најновиот Закон за социјална заштита, усвоен во мај 2019 година, и пропратните подзаконски акти, ја потенцираат потребата од децентрализација и плурализам во секторот за обезбедување сервисни служби, дозволувајќи можности за еднакво делување на државниот и приватниот сектор, вклучително и невладините организации (НВОи). Постојат законски можности што дозволуваат различни видови на обезбедувачи на сервисни служби да бидат лиценцирани и финансирани од страна на државата. Ова е особено важно за НВОи кои обезбедуваат сервисни служби и се борат да обезбедат одржливост на своите постојни сервиси.

Исто така е важно да се истакне дека во последните неколку години, државата постепено пренасочува средства во сервисни служби во местото на живеење, наместо во институционални средини. Со усвојувањето на Стратегијата за деинституционализација во 2018 година, Владата определи специфична буџетска ставка „Деинституционализација и сервисни служби за поддршка“ во државниот буџет. За 2019 година, владата определи 2.75 милиони евра, покажувајќи политичка заложба за

## Извештај на РЦПЛИП - ПОРАКА





трансформација на институциите и поефективни сервисни служби на локално ниво. Обезбедувачите на сервисни служби за интервенција во раното детство можат да имаат бенефит од оваа буџетска ставка и да развиваат сервисни служби за деца со попреченост од 0 до 6 годишна возраст.

УНИЦЕФ останува најважниот поддржувач на реформите што се однесуваат на детските права во земјата, како технички, така и финансиски. Сите главни иницијативи беа иницирани и имплементирани со поддршка од УНИЦЕФ, вклучувајќи го и развојот на сервисните служби за интервенција во раното детство. Делегацијата на Европската комисија го поддржува развојот на социјалните сервисни служби, вклучително и сервисните служби за деца со попреченост и нивните семејства. Исто така, во моментов се реализира проект на Светска Банка за унапредување на социјалните сервисни служби за ранливи групи финансиран со 10 милиони евра распределени за поддршка на општините во процесот за развивање на нови сервисни служби и унапредување на пружањето услуги на општинско ниво.

Од огромна важност е дека владата ја презема одговорноста за обезбедување на одржливост на воспоставените сервисни служби во рамките на овие проекти, особено имајќи ја предвид здравствената и економска криза прдизвикана од пандемијата со КОВИД-19.

### Препораки за унапредување

Првенствено, нашата земја мора да обезбеди точни податоци во однос на лицата со попреченост, вклучувајќи ги и децата со попреченост, за да се креираат соодветни и квалитетни сервисни служби. Последователно, мора да се направи и Регистер за следење на деца родени со ризик фактор како важен предуслов за рана детекција и дијагноза, и упатување во различни сервисни служби за развој на потенцијалот на секое дете.

- Потребно е да се развиваат:
  - Специјализирани здравствени, социјални и образовни сервисни служби, програми и сервисни служби за превенција, рана детекција, дијагностика, ран третман и рехабилитација за деца со попреченост;
  - Советодавни сервисни служби за поддршка на семејства кои имаат дете со попреченост.
- Тековната реформа на системот за процена на деца родени со ризик фактор треба да биде зајакнат со целосна имплементација на МКФ моделот.

Соодветно на ова, мора да се развиваат служби за интервенција во раното детство, со цел да се овозможи персонализирана поддршка креирана посебно за секое дете со попреченост. Тоа ќе води кон унапредување на инклузијата на децата во овие сервисни служби, како и еднаква распространетост на сервисните служби низ целата земја.

Потребно е да се осигури континуирана обука на професионалците кои работат со деца со попреченост. Понатаму, од суштинска важност е да се обезбеди соодветна обука за персоналот и да се подигнува нивната свест во однос на потребите на децата и лицата со попреченост.

Во рамките на процесот на деинституционализација во нашата земја, сервисните служби за интервенција во раното детство треба да бидат вклучени во сите фази. За да се креираат сервисни служби за интервенција во раното детство потребно е да се развијат регулаторни механизми, започнувајќи со мапирање на потребите на национално и на локално ниво, развивање на процедури за лиценцирање и акредитација на обезбедувачи на сервисните служби, развивање на стандарди за квалитет и процедури за финансирање на сервисите. Исто така потребно е воспоставување на ефективен мониторинг систем за обезбедувачи на социјални сервисни служби во однос на квалитетот (државни и приватни).

НВОи што обезбедуваат сервисни служби за интервенција во раното детство, и други социјални сервисни служби, треба да бидат прифатени како еднакви партнери од страна на државата, преку лиценцирање и склучување договори за целосно финансирање на сервисите што ги обезбедуваат НВОи.

Мора да се зајакне крос-секторската соработка. Има потреба од вистинска посветеност од сите чинители (министерства, агенции, НВОи) за заедничка работа и споделување информации и практики. Слично на ова, и улогите на различните чинители мора да се јасно дефинирани. Оваа крос-секторска соработка мора да создаде национална стратегија за пружање сервисни служби за интервенција во раното детство.

***Овој извештај е активност која произлегува од членството на РЦПЛИП – ПОРАКА во Форумот за рана интервенција на ЕАСПД, како дел од поголемо истражување за социјалните услуги за интервенција во раното детство во пет земји од регионот: Северна Македонија, Косово, Албанија, Црна Гора и Грција.***

Преземен текст од www.vlada.mk

# Лицата со попреченост се ослободени од партиципација за студирање

***Владата на Република Северна Македонија на своја седница донесе нова Уредба за правото на лицата со попреченост и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање***

Во координација со Националното координативно тело за спроведување на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, Владата на Република Северна Македонија донесе Уредба за правата на лицата со попреченост и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање.

Со оваа Уредба Владата овозможи сите лица со попреченост запишани на прв, втор и трет циклус на студии на јавните високообразовни установи, да бидат ослободени од партиципација.

Оваа Уредба им овозможува на лицата со попреченост да ги остварат сопствените потенцијали и личен развој на еднаква основа со сите други граѓани да бидат вклучени во високообразовните процеси, а за образовните институции е поттик да ги прилагодат условите и програмите за образование за овие наши сограѓани. На тој начин лицата со попреченост развиваат компетенции согласно сопствените преференци и стануваат конкурентни на пазарот на трудот.

Со оваа Уредба освен сите лица со попреченост, од партиципација за студирање се ослободуваат и лицата со статус на деца без родители и родителска грижа, невработените родители на деца и лицата со статус воени инвалиди.

За остварување на ова право, подносителот доставува барање со наод и мислење од Службата за функционална проценка на деца и млади при ЈЗУ Здравствен Дом-Скопје по основите на Меѓународната класификација на функционалноста (МКФ), како нов модел произлезен од реформата што ја спроведе Националното координативно тело за спроведување на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, со која се исклучува досегашниот медицински модел на категоризирање наспроти проценка на функционалните можности и капацитети на лицата со попреченост.

Согласно член 24 од Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост сите лица со попреченост имаат право на образование без исклучување и дискриминација со цел за максимален развој на човековиот потенцијал.

До донесувањето на оваа Уредба, право на ослободување на партиципација имаа само некои категории на лица со попреченост, што практично ги ставаше останатите во подредена позиција.
Уредбата е излезена во Службен весник на РСМ, бр. 61 од 15.3.2022 година.

Во продолжение е целосниот текст на Уредбата за правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање.

Врз основа на член 43 став (2) точка 10 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седница одржана на 8 март 2022 година, донесе

**УРЕДБА ЗА ПРАВОТО НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ И ДРУГИ ЛИЦА ДА БИДАТ ОСЛОБОДЕНИ ОД ПАРТИЦИПАЦИЈА ЗА СТУДИРАЊЕ**

**Член 1**

Со оваа уредба се уредува правото на лицата со инвалидност и на другите лица да бидат ослободени од партиципација за студирање.

**Член 2**

Лице со инвалидност, во смисла на оваа уредба, е лице кое има долготрајни телесни, интелектуални, ментални или сетилни нарушувања кои во интеракција со различни пречки може да го спречат неговото целосно и ефикасно учество во општеството на еднаква основа со другите.

Од страна на подносителот на барањето за ослободување од партиципација за студирање од ставот 1 на овој член, се доставува наод и мислење на Службата за функционална проценка при Јавната здравствена установа – Здравствен дом Скопје, согласно членот 295 од Законот за социјалната заштита, односно наод и мислење од стручен орган за видот и степенот на попреченост и посебните потреби на лицето со попреченост.

**Член 3**

Лицата со инвалидност запишани на прв, втор и трет циклус на студии на јавните високообразовни установи, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, се ослободени од партиципација за студирање.

**Член 4**

Други лица кои се ослободени од партиципација за студирање, во смисла на оваа уредба, се лица запишани на прв, втор и трет циклус на студии на јавните високообразовни установи, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, и тоа:

- лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, односно и по престанок на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст, доколку е невработено,
- родител на дете, но најдоцна до шест годишна возраст на детето, доколку е невработен и
- воени инвалиди.

## Уредба за ослободување од партиципација за студирање

Од страна на подносителот на барањето за ослободување од партиципација од став 1 алинеја 1 на овој член, се доставува потврда од надлежниот центар за социјална работа дека имал статус на дете без родители и родителска грижа.

Од страна на подносителот на барањето за ослободување од партиципација од став 1 алинеја 2 на овој член, се доставува извод од Матичната книга на родените за детето и потврда за евидентирано невработено лице.

Од страна на подносителот на барањето за ослободување од партиципација од став 1 алинеја 3 на овој член, се доставува решение донесено од страна на Министерството за труд и социјална политика - Управата за прашања на борците и воените инвалиди.

**Член 5**

Правото на ослободување од партиципација за студирање се однесува на лицата опфатени со оваа уредба, без оглед дали имаат статус на редовен или вонреден студент.

**Член 6**

Правото на ослободување од партиципацијата за студирање престанува со престанување на статусот студент на лицето кое го остварило ова право.

**Член 7**

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## Текст преземен од Радио Пела од 7.3.2022 година

# Џудото не познава граници - џудото ги обединува сите!

# Кико со Даунов синдром растура на татамите!

Спортска приказна која плени, спортски живот кој му го промени и секојдневието на Христијан Стојкоски – Кико, личност со Даунов синдром кој од октомври минатата година тренира во џудо клубот Сеишин.

На иницијатива на неговата сестра сега Кико е дел од тренажниот процес во прилепскиот клуб кој без размислување од страна на управата и стручниот штаб ја прифатија таа идеа и сега стручно и професионално ангажираа тим кој работи со него. Активните џудо ветерани, Киро Здравески е задолжен за координација со активностите на Христијан, како и Маке Спиркоски кој е и негов спаринг партнер, човек со големо искуство, но и со професионални вештини стекнати во својата професионална дејност како наставник.

За време на гостувањето во нашата отворена програма РАДИО ШТО СЕ ГЛЕДА, возбудата на Кико беше голема, тој успеа да ни каже и зошто оди да тренира џудо, кој е најдобар тренер и колку го сака џудото како спорт, вели „сакам да работам и да научам, а и ми аплаудираат сите кога сум на татамите”.

И навистина е така, вели неговата мајка Снежана Стојкоска, која рече дека џудото на Кико му е добредојдено, син ми се обидува на секаков начин да ни раскаже дома како си поминува на тренинзи, дали со гушкање, дали со пиење на чај, најважно е вели таа што сите покрај неговата среќа сме исполнети и веруваме во неговата желба да успее во џудото.

Покрај тоа што Кико има желба да тренира, да учи техники, да користи џудо вештини, Кико знае дека ова за него е голем предизвик но среќен е што ги има сите оние кои му се потребни за да направи нешто ново во неговиот живот со Даунов синдром. Неговите дома, неговите ментори, другарите кои без никаква дискриминација го отпоздравуваат како и неговата книга за џудо од која тој секогаш кога му е најпотребно учи и се потсетува.

Цела оваа позитивна спортска приказна која плени можете да ја видите во видеото подолу а ние, ние на Христијан Стојкоски – Кико му посакуваме навистина успех во она што сака да го работи и покрај сите попречености што ги има. Само напред!!!





Активности на Народниот правобранител и тимот на Обединетите нации

# Конференција на тема „Јакнење на националните институции за човекови права како независен механизам за следење на примената на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лица со попреченост“

## Поголема регионална соработка за забрзана инклузија на лицата со попреченост беше фокусот на регионалната конференција

Канцеларијата на Народниот правобранител и Тимот на Обединетите нации во Република Северна Македонија, на 2.3.2022 година организираа регионална онлајн конференција преку платформата Zoom, на тема „Јакнење на националните институции за човекови права како независен механизам за следење на примената на Конвенцијата на Обединетите нации за лицата со попреченост“.

На конференцијата учествуваа претставници на националните институции за човекови права, лица со попреченост и организации на лица со попреченост, граѓански организации од Западниот Балкан и претставници од институции и организации од европските земји.

Главен акцент беше ставен на прашањето за работата на институциите назначени да ја вршат функцијата на независен механизам за следење на спроведувањето на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, односно нивната соработка со граѓанските организации, споделувањето на добрите практики во нивната работа, можности и иницијативни во однос на постојните рамки за следење на Конвенцијата. Исто така се разговараше и за изнаоѓање на начин за вмрежување на овие институции со цел подигнување на степенот на соработка.

Конференцијата ја отворија Постојаниот координатор на Обединетите нации во Република Северна Македонија, г-ѓа Росана Дуџак, и Народниот правобранител, г. Насер Зибери. „Општествата нема да ги достигнат Целите за одржлив развој без целосна вклученост на сите луѓе, вклучително и лицата со попреченост. Признавањето на нивните права и обезбедувањето нивна вклученост ќе придонесе за подобра иднина за сите. Напредок е постигнат во земјите од регионот, но уште многу треба да се направи за да се забрза вклученоста на лицата со попреченост во одржливиот развој,“ рече Росана Дуџак, Постојан координатор на Обединетите нации во Северна Македонија. „Само преку дијалог и заедничка работа на сите – влади, меѓународни и регионални организации, граѓански организации и приватниот сектор, можеме да ги исполниме стандардите од Конвенцијата за права на лицата со попреченост, како и обврските кон Агендата 2030. Целта на оваа конференција е да поттикне конструктивен, отворен дијалог насочен кон акции за забрзување на одржливиот развој на Западниот Балкан, со правична и целосна вклученост, водени од меѓународните стандарди за човекови права и ветувањето од Агенда 2030 – Никој да не заостане“.



„Има уште многу пат и многу предизвици на него, пред да може да зборуваме за целосна интеграција на лицата сои попреченост, согласно Конвенцијата, која е важна алатка што може да ни помогне во остварување на оваа цел. Во таа смисла, верувам дека оваа конференција ќе отвори многу дискусии и иницијативи како да се достигне посакуваниот развој,“ рече Народниот правобранител, Насер Зибери.

На Конференцијата, за искуствата во поглед на работата во оваа сфера, исто така, зборуваа г.Јурис Јансонс, Народен правобранител на Латвија, потоа г.Маркус Шефер, член на комитетот за Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост, кој посебно се осврна на неколку членови од Конвенцијата, додека г-ѓа Лиза Секагаја, офицер за човекови права во канцеларијата на Високиот комесар за човекови права (ОХЦХР), Женева, зборуваше за Париските принципи и нивната корелација со правата на лицата со попреченост.

Фокусирајќи се на зајакнување на улогата и на соработката на институциите за човекови права во регионот, конференцијата цели кон инспирирање понатамошни активности од овие тела, организациите на лицата со попреченост и други државни и недржавни тела од регионот. Покрај за поголема соработка, учесниците на конференцијата се согласија дека лекциите од дискусиите на конференцијата и разменетите добри практики ќе бидат вклучени во нивната работа во иднина, како и дека ќе продолжат да поддржуваат вклученост на независно следење на исполнувањето на човековите права низ регионот.

Одржувањето на Конференцијата од сите учесници беше оценето како одличен прв чекор за идна понатамошна соработка, како на регионално, така и на меѓународно ниво.

## Конференција во седиштето на Обединетите нации во Њујорк

# Одбележување на Светскиот ден на лицата на Даунов синдром 2022

***На 19-ти декември 2011 година, Генералното собрание на Обединетите нации го прогласија 21-ви март за Светски ден на лицата со Даунов синдром. Генералното собрание одлучи, со почнување од 2012 година, да се одбележува Светски ден на лица со Даунов синдром на 21 март секоја година, и ги повикува сите држави членки, релевантни организации на системот на Обединетите нации и други меѓународни организации, како и граѓанското општество, вклучително и невладините организации и приватниот сектор, да го одбележуваат Светскиот ден на лицата со Даунов синдром на соодветен начин, со цел да се подигнува свеста за Дауновиот синдром.***

Оваа година се одбележува 11-тиот Светски ден на лицата со Дауновиот синдром. За таа цел меѓународната организација за Даунов синдром (Down Syndrome International) организираше конференција во седиштето на Обединетите нации во Њујорк.

Темата на овогодинешната конференција е: „Инклузија значи ...". Оваа тема е одбрана затоа што општите начела од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, повикуваат за „целосно и ефективно учество и инклузија во општеството". Низ целиот текст на Конвенцијата има референци, на пример: „Лицата со попреченост имаат пристап до инклузивно, квалитетно, бесплатно основно и средно образование, на еднаква основа со другите." Понатаму, „Државите потписнички го признаваат правото на лицата со попреченост ... на можност да заработуваат за живот преку слободен избор на работа или прифатена на пазарот на трудот и работна средина која е отворена, инклузивна и пристапна за лицата со попреченост."

Во 2019 година, Генералниот секретар на ОН ја усвои Стратегијата на Обединетите нации за инклузија. Оваа стратегија обезбедува патека кон попреченост и инклузија низ сите области на работата на Обединети нации: мир и безбедност, човекови права и развој.

Ширум светот прифатено е дека секој треба да ги има истите можности, да може да оди на истите места како и сите други, да учествува во истите активности, и да ги ужива истите искуства во животот. Но, реалноста денес е






дека лицата со Даунов синдром и сите лица со попреченост немаат бенефит од целосно и ефективно учество и инклузија во општеството.

Постојат многу причини за тоа. Една од причините е недостигот на усогласено разбирање за тоа што е инклузија и како изгледаат инклузивните системи во практика. Токму затоа на конференцијата во Њујорк, на темата „Инклузија значи ..." беа поканети и присуствуваа лица со Даунов синдром и лица со попреченост, поддржувачи и застапници, претставници на влади и агенции на ОН, претставници на НВОи, кои разговараа за значењето на инклузијата. Ги споделуваа знаењата и искуствата од нивните земји, со надеж дека ќе се стекне поголемо разбирање за тоа што значи инклузијата во образование, вработување, здравство итн. Исто така, се разговараше и за тоа што инклузијата значи за организациите за лица со Даунов синдром и за сите лица со попреченост ширум светот.

Светскиот ден на лицата со Даунов синдром се одбележува и во нашата држава. Локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА редовно реализираат различни активности по повод овој ден. Пораките кои оваа година се пренесуваат се следните: „Денес е 21 март – Светскиот ден на лицата со Даунов синдром. На овој ден, водени од носечката визија на нашата организација, а и еден од основните принципи на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост за целосно и ефективно учество и инклузија во општеството, алармираме на итна, заедничка промена на реалноста во која живеат лицата со Даунов синдром и сите лица со попреченост!

Сè уште застапениот недостаток на разбирање на инклузијата воопшто во заедницата, е алармот кој постојано го вклучуваме и кој треба да допре, најпрвин до свеста на граѓаните, а уште повеќе до институциите.

Во овој правец, потребно е да се преземаат мерки за да се обезбеди целосно и еднакво уживање на сите човекови права и основни слободи за лицата со Даунов синдром и сите други лица со попреченост.

Мораме да продолжиме да преземаме соодветни мерки за да се обезбеди целосен развој и унапредување на лицата со Даунов синдром, со цел гарантирање и уживање на човековите права и основни слободи.

Алармот повторно „пиштеше“ периодов со случајот со Ембла Адеми, девојчето со Даунов синдром кое доживеа дискриминација и сегрегација во нејзиното училиште, и уште еднаш ни ја прикажа ниската свест за инклузијата на лицата со попреченост во образовниот систем, а со тоа и во заедницата, воопшто.

Затоа, не само денес, туку секој ден да продолжиме да апелираме до граѓаните и до сите чинители константно да работиме на зајакнување на јавната свест за инклузијата и подобрување на квалитетот на живот за лицата со попреченост”.

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА и неговите социјални сервисни служби

# Активности на сервисните служби во мрежата на РЦПЛИП - ПОРАКА

### Дневни центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје

Програмските активности во дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА Скопје се спроведуваат согласно предвидената програма доследно следејќи ги протоколите за работа во дневните центри за деца/лица со попреченост. Изминатиот период се зголемува и бројот на физички присутни корисници во дневните центри, а дел од нив и понатаму онлајн ја следат адаптираната програма за психосоцијална поддршка во домашни услови.

Во рамки на практичните активности кои се реализираат со корисниците во дневниот центар практикуваме активности за подготовка за самостојно живеење, преку разговор и практични примери. Важноста и придобивките кои произлегуваат токму од постојаното секојдневно повторување на ваквите активности се големи. Покрај редовните активности, во изминатиов период се реализираа и неколку работилници на кои преку разговори и изработување на ракотворби се одбележуваа значајни датуми и празници: Бадник, Божиќ, Св.Трифун, Св.Валентин, 8 Март, денот на пролетта.

Под мотото “Секој има право на чиста и здрава околина“ и “Да ја заштитиме природата“, а во рамки на предвидените практични активности кои се реализираат со корисниците во дневниот центар, во месец март беа одржани неколку работилници на овие теми. Со цел да ја развие свеста кај корисниците во поглед на намалување на загадувањето и зачувување на чиста и здрава околина се правеа обиди за селектирање отпад и на истиот да му се даде друга намена. Голем број пластични капачиња, шишиња, картони и искористена хартија се претворија во различни декорации во облик на вазни, подметнувачи и свеќници.





### Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип

Секојдневните активности во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип се реализираат според предвидената програма за работа. Покрај редовните активности, во изминатиот период се реализираа и неколку активности во соработка со соработниците на дневниот центар. На покана на Општина Штип, дневниот центар зеде учество на Новогодишниот базар, што го организираше Општина Штип на Плоштадот „Слобода“. Корисниците имаа можност да ги изложат своите рачни изработки на поставените штандови, а воедно да ги престават своите активности во дневниот центар. Студиото за фитнес BFit во своите простории организираше забава со хуманитарен карактер, а присутните имаа можност да си купат рачни изработки направени од корисниците. На 18 јануари, неколку членови на Bfit го посетија дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип и донираа спортска опрема. Опремата беше купена од собраните средства во текот на новогодишната забава.

Во средината на февруари 2022 година Вера Цафовска, корисник на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип, учествуваше на работилница „Обука за превенција и заштита од пожари“. Обуката е дел од проектните активности што ги реализира општина Карбинци во соработка со општина Благоевград од соседна Бугарија. „Се беше јасно и убаво објаснето за справувањето и заштитата од пожар. Најинтересно ми беше што надвор пробавме како се активираат ПП апаратите. Сè ова ќе го пренесам во дневниот центар“, беше кажано од Вера на крајот од обуката.

### Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш

Непречено се реализираат сите предвидени програмски активности и во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш следејќи ги протоколите за работа.

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА и неговите социјални сервисни служби





Корисниците беа вклучени во заеднички концерт со фолклорниот ансамбл Китка што се одржа во Центарот за култура „Ацо Караманов“ во Радовиш. За прв пат облечени во народни носии, донација од Николајчо Николов, корисниците се приклучија во изведувањето на неколку македонски ора.

Традицијата на Николајчо Николов за прославување на својот роденден со корисниците на дневниот центар продолжи и оваа година. Корисниците возвратија со скромен подарок и лично изработени роденденски честитки во кои ги напишаа роденденските желби за нивниот најголем пријател.

Затоплувањето на времето се искористи за реализирање на уште еден вид практични активности. Корисниците со големо задоволство излегоа во дворното место за да го исчистат и уредат надворешниот простор на дневниот центар. Оваа активност е нешто што корисниците секогаш со задоволство го реализираат.

Почетокот на месец март беше одбележан со активности за одбележување на почетокот на пролетта и ново будење на природата. Креативниот труд на корисниците за изработката на мартинки беше наградено со нивната продажба во просториите на СОУ „Коста Сусинов“ во Радовиш. Средствата од продажбата беа дадени на дневниот центар, а истите наменски ќе бидат искористени за реализација на други креативни работилници.

Во соработка со Краси Шаламанова од НВО „Нов живот“ во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш се организираше осмомартовска работилница за изработка на честитки и цветови по повод денот на жената.

На 14.3.2022 година Црвен крст на Република Северна Македонија - Општинска организација Радовиш потпиша меморандум за соработка со ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш. Како дел од проектот „Волонтерска порака“ во периодот што следи планирани се заеднички активности со волонтерите од Клуб на млади на ООЦК Радовиш. Во рамките на проектот одржана е првата воведна обука за волонтерите со цел да се запознаат со предизвиците во работата со оваа целна група.

### Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп

Дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп секојдневно ги реализира предвидените активности за стекнување и унапредување на практичните, когнитивните и социјалните вештини кај лицата со интелектуална попреченост, корисници на оваа сервисна служба. Оваа година започна со активности насочени за одбележување на Божиќните празници преку  реализација на практични работилници. Се изработуваа бадникови гранчиња кои им беа подарени на вработените во старата општинска зграда во која се наоѓа дневниот центар и на семејствата на корисниците.

Од месец февруари секојдневно се спроведуваат активности за развивање и унапредување на вештините за самостојно живеење. Преку користење на електрични апарати и рачни помагала имаат можност искуствено да ја увидат практичната примена. Целта на овие активности е да се поттикнат корисниците за нивна поголема вклученост и во рамките на домот и самото семејно функционирање.

Во февруари на социјалните мрежи беше промовиран и зумба видео запис  „ЗА ИГРИ БЕЗ ГРАНИЦИ“, кое наиде на позитивни реакции од средината.

По повод денот на лицата со Даунов синдром, Лајонс клуб Прилеп го посети дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп. Корисниците заедно со гостите реализираа работилница за животни вештини, односно секојдневни активности поврзани со домаќинството, со цел помош при оспособување на лицата со попреченост за самостоен живот. Потоа, корисниците имаа можност да слушнат и да разговараат за здрава исхрана со нутриционист и доктор. На крајот се дегустираше сè што заеднички се подготви во текот на работилницата. Целта на акцијата беше подигање на свеста за една категорија на луѓе кои се невидливи и на маргините во нашето општество. Беше дониран прибор за домаќинство од компанијата Вал-Хоме Сторе, свежо овошје и зеленчук од Маркет Ирнекс и перници за спиење. Благодарност за сите што учествуваа во овој прекрасен настан.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Виница

Работните активности во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Виница се одвиваат два пати неделно преку разни активности за стекнување на практични, когнитивно-едукативни и социјални вештини. Истите се спроведуваа преку разговори и практични примери.

Во изминатитот период се реализираа и работилници со ученици од ООУ „Гоце Делчев“ и СОУ „Ванчо Прке“ од Виница на различни теми. Една од тие работилници беше за рачни изработки во духот на новогодишните и божиќните празници. Изработките беа дел од Божиќна хуманитарна

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА и неговите социјални сервисни служби



продажба, а собраните средства ќе се користат за набавка на материјали за работа во социјалниот клуб. На почетокот од месец март, повторно во соработка со истите училишта, се реализираа и креативни работилници на теми за 8 Март, денот на жената. Изработените хартиени цветови, корисниците на социјалниот клуб заедно со ученици кои учествуваа на работилниците, ги делеа на жените кои случајно минуваа во центарот на Виница.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола

Дел од активностите на социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола во изминатиов период беа насочени кон одбележување на големите верски празници Бадник, Божик, Василица. За секој од овие празници се раскажуваа традициите и обичаите поврзани со нив, а се гледаа и едукативни видео клипови. Се реализираа и неколку тематски работилници користејќи најразлични материјали за креирање на рачни изработки, подготовки за изработка на пролетни украси и цветови.

Редовно се реализираа работно окупациони активности, односно активности за стекнување вештини за самостојно живеење и спортско-рекреативни активности за унапредување на физичкото здравје на корисниците, користејќи ги справите за вежбање во социјалниот клуб. Постојаните едукативни работилници беа насочени кон одржување на личната хигиена, хигиената во центарот, со доделување задачи на корисниците за одржување и внимавање на нивните лични работи.

Се реализираа и неколку креативни работилници по повод 8 Март. Се работеа хартиени цветови, се изработуваа цртежи на оваа тема, се цртаа и боеја стаклени тегли и шишиња како украси за 8ми Март.

Овие изработки корисниците, потоа по повод празникот, ги подарувaа на дел од соработниците на социјалниот клуб. Исто така, по повод 8 Март, се реализираше и креативна работилница со ученици од ООУ „Трифун Пановски“ во Битола на која се изработуваа цвеќиња и подароци за мајките.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица

Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица редовно спроведува активности со кои корисниците ги стекнуваат и унапредуваат, практичните, когнитивните и социјалните вештини. Во изминатиот период продолжи и соработката со другите организации и активни чинители во општина Струмица. ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица, заедно со Europe House Струмица и средношколци од Струмица, организираа заедничка новогодишна работилница, на која се изработуваа стаклени чаши со цртежи со новогодишни мотиви, како и други новогодишни украси.

Во соработка со Општина Струмица, социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица беше дел од новогодишниот базар кој беше организиран на Плоштадот во градот. Собраните средства од продажбата, ќе бидат наменети за набавка на материјали потребни за реализирање на активностите во социјалниот клуб.

На 13-ти јануари 2022 година во просториите на социјалниот клуб се подготви заеднички бадников ручек и кршење на бадникови лепчиња, а корисниците беа изненадени со подарок торби со млечни производи од „ЈОКА“ – Струмица, кој е долгогодишен поддржувач на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица.

Во следниот период се организираа низа креативни работилници на теми од празниците во тој период. Корисниците твореа на теми за Св.Трифун и Св.Валентин изработувајќи гроздови, лозје, срциња, како и декорирање на чаши и шишиња за вино и ракија. Следеа и креативните работилници за изработка на карневалски маски со кои корисниците учествуваа на Струмичкиот карневал.

Овој 8 Март корисниците на социјалниот клуб ја пренесоа пораката за вклучување на правата на девојчињата и жените со попреченост во родовите политики и програми на национално и локално ниво, да се промовираат афирмативни мерки, како и мерки за зголемување на пристапот до редовните сервиси и разумно прилагодување за сите жени и девојчиња со попреченост.





ПОРАКА
ISSN 0350-5863

# Наша Страница

## Донација од СН Осигурителен Брокер АД Битола за социјалниот клуб на РЦПЛИП - ПОРАКА во Битола

**Како дел од стратегијата за општествена одговорност во рамките на програмата за поддршка на воспитно образовните установи, СН Осигурителен Брокер АД Битола донираше таблет компјутери во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола.**







**„Оваа донација има големо значење за лицата со интелектуална попреченост кои се едуцираат и социјализираат во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола. Таблет компјутерите ќе бидат ставени во функција на едукативната програма и уверени сме дека многу ќе придонесат за унапредување на нивните знаења и креативни вештини"- изјави Јулијана Трајчевска, претседател на ЦПЛИП – ПОРАКА Битола.**

**Во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола се опфатени вкупно 14 лица со интелектуална попреченост, кои три пати неделно посетуваат едукативни работилници. Во знак на благодарност за донацијата тие изработија уметничка слика во декупаж техника за СН Осигурителен Брокер.**







**„Навистина не трогна изразот на благодарност од страна на лицата кои што се едуцираат овој центар. Тоа за нас не е само потврда за досегашната поддршка која СН Осигурителен Брокер традиционално ја обезбедува за лицата со попреченост, туку е и обврска и во иднина да продолжиме со поддршка која ќе овозможи поинклузивен и правичен свет за лицата со попреченост." - велат од СН Осигурителен брокер.**

**Исто така, СН Осигурителен брокер обезбеди организирана посета на Зоолошката градина во Скопје за сите корисници во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола.**